о

**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 24**
**30.12. 2010 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Декември, 2010**

**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од Осумнаесеттата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **Осумнаесетта редовна седница** одржана на **29.12. 2010** година и тоа:

1. Буџет на Општина Делчево за 2011 година;

2. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;

3. Заклучок за усвојување на Буџетски календар за 2011 година;

4. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2011 година;

5. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на градот делчево за 2011 година;

6. Одлука за утврдување на потреба за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на инфраструктурни објекти во Општина Делчево.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 08- ______**
**30.12. 2010 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Малешевски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 3 од Статутот на Општина Делчево ("Службен гласник на Општина Делчево бр. 12/2006), Советот на Општина Делчево на 18. седница одржана на 29.12.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Делчево за 2011 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на Општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи, значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината измени и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се : зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно платите се утврдуваат за : избраните и именуваните лица појдовната основа за 1 коефициент изнесува 23.153,00 ден., за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите изнесува 73.85 денари а за вработените без статус на државни службеници платите се исплатуваат согласно Законот за плати.

**Член 10**

Месечниот надоместок на членовите на Советот се утврдува во висина од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

**Член 11**

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот, надоместокот од член 10 се зголемува за 30%.

**Член 12**

Надоместокот за дневница за службено патување во РМ без трошоците за ноќевање изнесува 800 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 13**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **100 EUR** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува советот на општината а ги извршува градоначалникот, а за користење на средствата до 50.000 ден. одлучува градоначалникот.

За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 17**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 18**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 19**

Буџетот на Општина Делчево се извршува од 01.01.2011 до 31.12.2011 година.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево", а ќе се применува од 01 Јануари 2011 година.

Бр. 07-2580/1
од 29.12. 2010 година
Делчево

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л,**
на Совет на Општина Делчево
Тони Трајановски. с.р.

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за финансирање на ЕЛС , а согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (“ Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 18.редовна седница, одржана на ден 29.12. 2010 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Буџетскиот календар**
**на Општина Делчево за 20101година**

1. Се усвојува Буџетскиот календар на Општина Делчево за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “ Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр.07-2581/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.12.2010 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 60 став 2 од Законот за јавни патишта (“Сл.в.на Р.М.“ бр.84/2008), Советот на Општина Делчево на својата 18. седница, одржана на ден 29.12. 2010 год.ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба , реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2011 година**

Со оваа Програма се предвидуваат следните активности:

**А) Изградба и реконструкција на општински патишта**
**Б) Изградба и реконструкција на улици и тротоари**
**В) Редовно одржување на јавни и општински патишта, зимско одржување , обележување и сигнализација на сообраЌајници .**

А Изградба на општински патишта

Со оваа програма се предвидува изградба на следниве патни правци:
1.Делница од локалниот патен правец М5 с.Драмче(Димовска маала)-с.Селник во должина од 2,4 км
2.Локален патен правец (отклон од пат за Голак) до с.Косово Дабје во должина од 3.6км
3.Локален патен правец Делчево-с.Очипала-Драмче во должина од 2.1 км
4.Реконструкција и санација на општински пат с.Стар Истевник Л-17
5.Локален патен правец Р 523-Балабанци во должина од 1.26км
6.Изградба ( поврзување ) на локален пат с.Турија - с. Трстија во должина од 2 км
7.Изградба на плочаст пропуст на локален пат во н.м. с.Чифлик
8.Довршување на локален пат с.Габрово-с.Ѕвегор-с.Стамер-с.Град-с.Вирче-Стар Истевник

**Б) Изградба и реконструкција на улици и тротоари**

1. Реконструкција на ул.“Кеј на Ослободувањето“ во Л=0,60 км1
2. Изградба на пешачка патека на ул.“Кеј на Ослободувањето“ во Л=890 м1
3. Пробивање на улици во населба ,,Станбена зона,, во СРЦ во Делчево
4. Пробивање улици во населба Стар Расадник Д2

5. Реконструкцијата на делници од ул. “М . Тито“ во должина од 0,70км
6. Реконструкција на улица и изградба на паркиралиште на ул.,,Вера Јоцић,,
7. Реконструкција и изградба на на ул.,,Кирил и Методиј,, **во Делчево**
8. **Изградба на улици во населба ,,Басарица,, во Делчево**
9. Изградба на ул.“Плачковица“ -пристапни краци во должина од 145м
10. Изградба на улица Кузман Јосифовски Питу во должина од 0,1 км
11. Изградба на пристапни улици ( краци ) во населба Милково Брдо во должина од 500м
12. Изградба на ул.,,Разловечко востание во должина од 285м
13. Изградба на ул.“Разловечка“ во должина од 150 м
14. Изградба на тротоари на ул.“Индустриска“ во должина од 100 м
15. Крпење на ударни дупки низ населбите во градот Делчево 1000,00 м2
16. Изградба на крак на ул. Иван МилутиновиЌ во локалитет ,,Стар монопол,, со Л= 100м
17. ДоврШување на реконструкција на ул.“Острец “
18. ДоврШување на “Илинденска “
19. ДоврШување на ул. ,,Брегалничка,,
20. Изградба на улици во Сервисна зона
21. Доградба на ул. Орце Николов со краци во локалитет ,,шумски расадник,,
22. Изградба на плочаст пропуст во населба Ѕвегорска река
23. Изградба на улици во с.Разловца, должина 250 м1
24. Изградба на улици во с.ТработивиШте, должина 600 м1
25. Изградба на мост на река Желевица во с. ТработивиШте
26. Реконструкција на ул. “Никола Јонков Вапцаров“
27. Реконструкција на ул. “Светозар МарковиЌ“

**27. Изработка на проекти за улици во населбите:**

- Населба “Басарица“- улици
- Населба “Ѕвегорска река “ улици
- Проект за проШирување на улица М.Тито (кај касарна)
- Проект за реконструкција на улица ,,Вера ЈоциЌ,, во Делчево
- Проект за реконструкција на улица ,,Кирил и Методиј,, во Делчево
- Проект за реконструкција на улица “Светозар МарковиЌ“
- Изработка на проект за пеШачки мост од ул. “Кеј на Брегалница“
- Изработка на проекти за плочасти пропусти (с.Чифлик , населба Ѕвегорска река)
- Изработка на проекти за улици во с.Град, с.Звегор, с.Вирче, с.ТработивиШте, с.Разловци
- Изработка на проект за реконструкција на ул.“Питу Гули“

**В) Редовно одржување на јавни и опШтински патиШта ,зимско одржување , обележување на улици и сигнализација на улици и локални патиШта.**

1. Редовно одржување на јавни патиШта во должина од 83.97 км
2. Зимско одржување на улици и опШтински патиШта во должина од 41.0км
3. Хоризонтална и вертикална сигнализација на сообраЌајници во централното градско подрачје и на опШтинските патиШта во ОпШтина Делчево
4. Одржување на семафори

**ФИАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

**1. ПРИХОДИ**

- Буџет на ОпШтина Делчево
- Агенција за државни патиШта
- Министерството за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој
- Влада на Република Македонија ( преку министрствата и други извори)

Обемот на изврШувањето на Програмата Ќе зависи директно од приливот на планираните средства .

Програмата Ќе ја изврШува ОпШтина Делчево преку Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиШте и заШтита на животната средина

**Број 07-2582/1** **СОВЕТ НА ОПшТИНА ДЕЛЧЕВО**

**29.12. 2010 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 45, 46 и 47 од Законот за градежно земјиште ( Сл.в.82/2008), Советот на Општина Делчево на својата 18. седница одржана на ден 29.12.2010 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за уредување на градежно земјиште на подрачјето на град**

**Делчево за 2011 година**

**ПРАВЦИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на градот Делчево за 2010 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во градот во тековната 2011 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

1.Просторот -локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма;
2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура;
4.Извори на финансирање на Програмата;
5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба ;
6. Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии);
7.Динамика на извршување на Програмата ;
8.Останати активности;

**1.Просторот - локалитетите кои се предмет на уредувањето со оваа Програма**

Во текот на 2011 година во градот Делчево ќе се врши уредување на градежното земјиште со делумно
уредување-основен степен на уредување под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари), улично осветлување, изградба на водоводна мрежа и изградба на мрежа за фекална и атмосферска канализација, а на следните локалитети:

а)Населба “Милково брдо“
б)Населба “Ново Делчево“
в)Локалитет “Шумски расадник“
г)Населба “Станбена зона “ до Спортско Рекреативен Центар
д)Населба “ Ѕвегорска река “
ѓ)Локалитет“Стрелиште“ и “Стар Монопол“
е)Локалитет “Стара Партизанка“и “Пекара“
ж)Населба “Старо Делчево“

з)Населба “Стар Расадник“ и “Д2“
ѕ)Населба “Басарица“
и) Населба ,,Пролет,,
ј)Локалитет“Индустриска зона“ и “Сервисна зона“
к)Локалитет “Стопански комплекс“

**Напомена:Со оваа Програма не е опфатено централното градско подрачје УЕ 2,УБ 2.2 за кои е во тек донесување на Детален Урбанистички План(ДУП).**

**2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната инфраструктура**

Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со делумно уредување со изведување на следните работи и по локалитети: Изградба на објекти на инфраструктурата заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат(улица со тротоари без асвалт), изведување на водоводна, атмосверска и канализациона мрежа и улично осветлување, за приклучоци до градежната парцела ( не подалеку од 30 м1 од најблискиот дел од објектот)

3.Обемот и степенот на на опремување на градежно земјиште со објекти на основната

инфраструктура

а) Локалитет “**Милково брдо**“ во Делчево

Во текот на 2011 година на локалитетот “**Милково брдо**“ предвидено е да се работат следните активности:

-Изработка на Основни проекти за реконструкција на улици ( ул. ,,Питу Гули,, улица,,Кирил и Методиј,, улица ,,Вера ЈоциЌ,, )
-Реконструкција на улици и санација
-Крпење на ударни дупки, прекопи и др. на улици
-Изградба на улици и пристапни патеки
-Реконструкција на водоводна мрежа
- Изградба атмосверска канализација и поставување на реШетки

б)Населба “**Ново Делчево“ во Делчево**

Во текот на 2011 година на овие локалитети ке се работи на следните активности:

-Дислокација на водоводна линија
-Реконструкција на улици и санација
-Крпење на ударни дупки, прекопи и др. на улици
-Реконструкција на водоводна мрежа
- Изградба на атмосврска канализација
-Изградба на канал за одведување на атмосверска вода од ,,Булевар Македонија,, до река Брегалница
- Уредување на парк

в) Локалитет “**Шумски расадник**“ во Делчево

Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-Изработка на проекти за атмосверска канализациона мрежа од Булевар Македонија- шумски расадник-река Брегалница

-Изградба на атмосверска канализациона мрежа од Булевар Македонија- шумски расадник-река Брегалница

-Пробивање на улици,

-Изградба на мрежа за улично осветлување,

г)Населба “**Станбена зона**“ до Спортско Рекреативен Центар

Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-пробивање на улици
-Изградба на водоводна мрежа
-Изградба на фекална канализациона мрежа

-Изградба на мрежа за улично осветлување
-Дислокација на 10 КВ далековод

д)Населба ,,Ѕ**вегорска река**"
Во текот на 2011 година на овие локалитети ке се работи на следните активности:
-Изработка на основни проекти за улици
-Пробивање на улици
-Изградба на плочаст пропуст на Ѕвегорска река
-ДоврШување на канализациона мрежа

Ѓ)Населба "**Стар Монопол**" и "**СтрелиШте**"
Во текот на 2011 година во овие локалитети ке се работи на следните активност:
-Изработка на проекти за улици, водовод, канализација
-Изградба на пристапни улици и краци
-Изградба на канализациона мрежа
-Дислокација на водоводна линија
-Дислокација на канализациона линија
-Изработка на проекти,реконструкција и доградба на улица ,,МарШал Тито,,(од касарната до населбата ,,Стар Монопол,,)

е) Населба "**Стара Партизанка" и "Пекара"-**Делчево
Во текот на 2011 година на овие локалитети ке се работи на следните активности:
- Изработка на проект за дислокација на колектор на ул. ,,8-ми септември,,
-Изградба на улици
-Изградба на водоводна линија
-Изградба на фекална канализација
-Изградба на мрежа за улично осветлување
-Дислокација и доградба на дел од Колекторот на ул. ,,8-ми септеми,,

ж)Населба "**Старо Делчево**"(И,ИИ , ИИИ-ти реон) во Делчево
Во текот на 2011 година во овие локалитети ке се работи на следните активност:
-Изградба на улици и пристапни краци
-Регулација на ендеци
-Реконструкција на водоводна мрежа
-Изградба на канализациони линии
-Изработка на метални реШетки за атмосверска вода

з)Населба "**Стар Расадник**" и "**Д-2**"
Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:
-Пробивање и изградба на улици и краци
-Изградба на водоводна мрежа
-Изградба и доградба на фекална канализација
-Изградба на мрежа за улично осветлување

ѕ ) Населба "**Басарица**"во Делчево
Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:
-Изработка на проекти за улици
-Пробивање на улици
-Изградба на водоводна мрежа
-Доградба на фекална канализација
-ДоврШување на мрежа за улично осветлување

и) Населба ,,**Пролет,,** во Делчево
Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:
- Дислокација на постоека водоводна линија
-Пробивање на улици
-Изградба на водоводна мрежа

-Изградба на фекална канализација
-Изградба на мрежа за улично осветлување
-Изработка на проект за регулација на река Габровчица

ј)“**Индуструска и сервисна зона**“ и “**Сервисна зона**“ во Делчево

Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:

-Изградба на улици,
-Изградба на водоводна мрежа
-Изградба на фекална канализација
-Изградба на мрежа за улично осветлување,
-Дислокација на 10 КВ далековод

к )Локалитет **“Стопански комплекс**“во Делчево

-Во текот на 2011 година на овој локалитет ке се работи на следните активности:
-Изработка на проекти за,водовод,канализација и мрежа за улично осветлување
-Пробивање и изградба на улици
-Изградба на мрежа за улично осветлување

**4.Извори на финансирање**

Очекуван прилив на сресва за уредување на градежно земјиШте (комуналии) во текот на 2011 година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.1. Населба Милково Брдо | | | | | |
| -инд.станбени згради | 1 | x | 120.000,00 | = | 120.000,00 ден |
| -доградби на инд.стан згр. | 5 | x | 50.000,00 | = | 250.000,00 |
| 3.2. Насела ,,Станбена зона,, | | | | | |
| Изградба на инд.станбени згради | 4 | x | 150.00,00 | = | 600.000,00 |
| 3.2. Населба Ново Делчево | | | | | |
| -деловни објекти | 2 | x | 150.000,00 | = | 300.000,00 |
| 3.3. Населба Старо Делчево | | | | | |
| - инд.станбени згради | 1 | x | 100.000,00 | = | 100.000,00 |
| - деловни објеки | 5 | x | 120.000,00 | = | 600.000,00 |
| 3.4. Населба Басарица | | | | | |
| -инд.станбени згради | 2 | x | 150.000.00 | = | 300.000,00 |
| 3.5.Стопански комплекс | | | | | |
| -стопански објекти | 7 | x | 80.000,00 | = | 560.000,00 |
| 3.6. Индустриска и Сервисна зона | | | | | |
| -Инд.и сервисни објекти | 3 | x | 300.000,00 | = | 900.000,00 |
| 3.7.Населба ,,СтрелиШте,, | | | | | |
| -изградба на инд. Стан.згр. | 2 | x | 140.000,00 | = | 280.000,00 |
| 3.8.Од легализација на дивоизградени објекти | | | | | 1.500.000,00 |
| | | | | | ======================= |
| | | | **Вкупно:** | | **5.510.000,00 ден** |

Очекувани се и сресва кои ке бидат доделени по поднесени барања( по Огласи, Програми, Конкурси и др), од страна на Владата на Република Македонија и други донатори.

**5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиШте и негова распределба**

а)Населба “**Милково брдо**“

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 100.00 |
| -пробивање на улици | 290.00 |
| -водовод | 290.00 |
| -канализација | 240.00 |
| -Улично осветлување | 460.00 |

=========================
ВКУПНО 1.395.00ден./м2

б)Населба "**Ново Делчево**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 240.00 |
| -канализација | 220.00 |
| - Улично осветлување | 550.00 |

==========================
ВКУПНО 1.550.00ден./м2

в)Населба "**шумски расадник**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 310.00 |
| -канализација | 290.00 |
| - Улично осветлување | 650.00 |

==========================
ВКУПНО 1.550.00ден./м2

г)Населба " **Станбена зона**" до Спортско рекреативен центар

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 230.00 |
| -водовод | 230.00 |
| -канализација | 290.00 |
| - Улично осветлување | 650.00 |

===========================
ВКУПНО 1.550.00ден./м2

д)Населба "**Ѕвегорска река** " во Делчево

| | |
|---|---|
| - геодетски работи | 32.00 |
| - урбанистички планови | 64.00 |
| - проектирање(улици,водовод), канализација и електрика ) | 100.00 |
| - пробивање на улици | 250.00 |
| - водовод | 180.00 |
| - канализација | 362.00 |
| - Улично осветлување | 420.00 |

============================

**ВКУПНО 1.408.00ден./м2**

Ѓ)Населба "**Стар Монопол**" и "**СтрелиШте**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -пробивање на улици | 300.00 |
| -водовод | 240.00 |
| -канализација | 270.00 |
| - Улично осветлување | 460.00 |

============================
ВКУПНО 1.340.00ден./м2

е)Населба "**Стара Партизанка**" и "**Пекара**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 100.00 |
| -пробивање на улици | 290.00 |
| -водовод | 290.00 |
| -канализација | 240.00 |
| - Улично осветлување | 615.00 |
| | ============================== |
| ВКУПНО | **1.550.00ден./м2** |

ж) населба "**Старо Делчево**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 55.00 |
| -реконструкција на улици | 360.00 |
| -водовод | 240.00 |
| -канализација | 210.00 |
| - Улично осветлување | 460.00 |
| | ============================= |
| ВКУПНО | 1.340.00ден./м2 |

з)Населба "**Стар расадник**"и "**Д-2**" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 45.00 |
| -пробивање на улици | 250.00 |
| -водовод | 220.00 |
| -канализација | 230.00 |
| - Улично осветлување | 510.00 |
| | ============================== |
| ВКУПНО | 1.270,00ден./м2 |

S)Населба "**Басарица**"во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 32.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 64.00 |
| -пробивање на улици | 250.00 |
| -водовод | 200.00 |
| -канализација | 340.00 |
| - Улично осветлување | 522.00 |
| | =============================== |
| ВКУПНО | 1.408.00ден./м2 |

и) Населба ,,**Пролет,,** во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 35,00 |
| -урбанистички планови и проекти | 65,00 |
| -пробивање на улици | 200,00 |
| -водовод | 450,00 |
| -канализација | 400,00 |
| - Улично осветлување | 750,00 |
| | =============================== |
| **ВКУПНО:** | **1.890,00 ден/м2** |

и)Населба " **Индустриска и сервисна зона** " и "**Сервисна зона**"

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 40.00 |
| -пробивање на улици | 255.00 |
| -водовод | 180.00 |
| -канализација | 210.00 |
| - Улично осветлување | 500.00 |
| | ============================ |
| ВКУПНО | 1.200.00ден./м2 |

ј)Локалитет "Стопански комплекс" во Делчево

| | |
|---|---|
| -геодетски работи | 15.00 |
| -урбанистички планови и проекти | 40.00 |
| -пробивање на улици | 255.00 |
| -водовод | 180.00 |
| -канализација | 210.00 |
| - Улично осветлување | 500.00 |
| ============================== | |
| ВКУПНО | 1.200.00ден./мк) |

**љ) Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиШте за деловни објекти и простории по населби**

- Населба "Милково брдо" во Делчево.......................... 1.674,00 ден/м2
-Населба "Ново Делчево" во Делчево ......................... 1.860,00 ден/м2
-Локалитет "шумски расадник" во Делчево............... 1.860,00 ден/м2
-Локалитет "Станбена зона" до СРЦ во Делчево...... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Звегорска река" во Делчево....................... 1.690,00 ден/м2
-Локалитет "СтрелиШте" и "Стар Монопол" ........... 1.608,00 ден/м2
-Локалитет "Стара Партизанка" и "Пекара" ........... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Старо Делчево" во Делчево ...................... 1.608,00 ден/м2
-Деловни објекти и простории на ул."М.Тито" до
почеток на локалитетот "СтрелиШте" во делчево.... 1.860,00 ден/м2
-Населба "Стар Расадник" во Делчево...................... 1.524,00 ден/м2
-Населба "Басарица" во Делчево................................ 1.690,00 ден/м2
-Населба ,,Пролет,, во Делчево ___________________ 2.190,00 ден/м2

**6. Пресметување на троШоците за уредување на градежно земјиШте (комуналии)**

6.1.Надоместок за уредување на градежно земјиШте за доградба до 20% од постојниот габарит на објектот изнесува 50% од цената во зависност од населбата и зоната каде се наоЃа објектот .

6.2.Инвеститорот кој Ќе гради нов објект на локацијата на која треба да се руШи стар објект се ослободува од плаЌање за површината од стариот објект и ја плаЌа разликата за површината до вкупната површина од новиот објект. Ослободувањето може да биде највеЌе до 50% од новопредвидената површина

6.3.При темелна реконструкција на стар објект инвеститорот Ќе плаЌа 50% од вкупната корисна површина

6.4.За новоуцртани објекти во локалитетите :

6.4.1. За населбите каде се предвидени површини за градење со ДУП , предвидените површини треба да претставуваат основа за габарит на објектот , а Ќе се наплаЌа од нето градежна површина.

6.5.ТроШоците за уредување на градежно земјиШте се пресметуваат врз основа на корисната површина Што Ќе се гради , која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверената проектна документација , помножени со следните коефициенти

6.5.1.Станбени објекти

| | |
|---|---|
| - станбени простории | 1,00 |
| -Станбени простории со висина до 2,50 м1,подпокривен простор | 0,20 |
| - лоЃија затворена од три страни | 0.40 |

| | |
|---|---|
| -подлогија затѕворена од две страни | 0,30 |
| -Балкони, тераси | 0,20 |
| -Заедбички проодни тераси, пасажи | 0,20 |
| - помоШни простории,остави за гориво, котлара, визба | 0,30 |
| -Трафостаница од 35 КВ во објект и надвор од објект | 0,30 |
| -СкалиШен простор и заеднички комуникации | 0,30 |
| -Стражарници, управител, простории за домар | 0,50 |
| -ПаркиралиШта и гаражи | 0,10 |

6.5.2.Деловни објекти, јавни и производни објекти

| | |
|---|---|
| - простории | 1.00 |
| - магацини, | 0.50 |
| -ПомоШни простории, остави за гориво,котлара | 0,30 |
| -Трафостаница до 35 КВ во објект и надвор од објект | 0,40 |
| -СкалиШен простор и заеднички комуникации | 0,50 |
| -ПаркиралиШта и гаражи | 0,10 |
| -Логија затворена од три страни | 0,50 |
| -Подлогија затворена од две страни | 0,30 |
| -Балкони, тераси | 0,40 |
| Отворен наткриен простор | 0,30 |

6.5.3. За други објекти

| | |
|---|---|
| -Катни гаражи- | 0,20 |
| - Спортски покриени објекти | 0,50 |
| -Спортски откриени објекти | 0,30 |
| -Бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% од поврШината на локацијата | 1,0 |
| -Отворени пазариШта - за 27% од поврШината на локацијата | 1,0 |
| --Базени | 0,20 |
| Трафостаници над 35 Кв | 1,0 |

6.5.4.За агроберзи,откупни дистрибутивни центри или пазари,висината на троШоците за уредување на градежното земјиШте во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиШте,се пресметува на 50% од вкупно пресметаната поврШина.

6.5,4.Во корисна поврШина не се пресметува поврШината на ѕидовите и други конструктивни елементи , инсталациони канали , окна за лифтови , окна за врати и отворени паркиралиШта

**Коефициентите се земени од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиШте со објекти од комуналната инфратсруктура и начинот на утврдување на висината на троШоците за уредување во зависност од степенот на уреденост ( Сл весник број 88 од 16 јули 2009 година).**

До колку дојде до измена на Правилникот во коефициентите за пресметување, пресметувањето ке севрШи со применување на новите коефициенти.

6.6.За времени објекти во зависност од населбата и зоната се плаЌа 50% од пресметаната цена по оваа Програма .

**6.7.ПлаЌањето на комуналиите инвестититорот го плака врз основа на заверен основен проект во текот на постапката до поднесување на барање за издавање на Одобрение за градење.Без платен надомест органот не може да издаде Одобрение за градење.**

6.8.ПлаЌањето на приклучок за водовод , канализација , електрична мрежа ,такси и сл. , паЃа на товар на корисникот на локацијата .

6.9.ТроШоците за пристап до дворно место , потпорни ѕидови и слично паЃаат на товар на корисникот на локацијата .

6.10. ТроШоците за куЌните приклучоци за водовод и канализација од главната градска мрежа до најблискиот дел од објектот на растојание до 30 м1 паЃаат на терет на корисникот на локацијата

6.11. ТроШоците за прекопување на улици за приклучок на градската водоводна и канализациона мрежа и доведување на прекопот во првобитната состојба паЃа на терет на корисникот на локацијата

6.12.ТроШоците за дислокација на водовод , канализација ,електрична и ПТТ мрежа за изградба на објекти: доградби , надградби и нови локации во дворни места , паЃаат на товар на корисникот на локацијата .

6.14..Уплатата на средствата Ќе се врШи на жиро сметка на трезорска сметка на ОпШтина Делчево и Договори за уредување на градежно земјиШте со корисниците Ќе склучуваат ОпШтина Делчево .

**7.Динамика на изврШување на Програмата**

Изградбата на објекти по оваа Програма ке биде во согласност од обемот на одобрени и приберени сречства. Во текот на годината можат да се градат и други инфраструктурни објекти во колку се одобрат и преведат срестава за изградба на истите.

Оваа Програма е изготвена како резултат на предвидувањата и можностите за прилив на средства кои можат да се приберат по основ уредување на градежно земјиШте за 2011 год, од одбрени среcтва од Влада на Република Македонија (по огласи, конкусри и др) во 2011 година како и од домаШни и странски донатори.

Програмата треба да претставува ориентација за одвивање на дејноста на уредувањето на градежното земјиШте а износите на средствата треба да се земат како ориентациони бидејЌи приливот на истите зависи од повеЌе фактори .

Приоритет Ќе имаат сите започнати објекти а незаврШени во претходната година , како и уредување на градежното земјиШте во населби каде наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиШте е поголем .

**8**) Останати активности во ОпШтината

-Изградба на канализација с.Вирче
-Изградба на канализација с.Град
-Изработка на проекти за : Улици, патиШта
-ДоврШување на Колектор Звегор-Делчево
-Изградба на атносверска канализација во локалитет ,,шумски расадник,, (и ул. ,,Скопска,, )
-ДоврШување на канализација во с.Габрово
-ДоврШување на колектор Габрово-Делчево
-Изградба и реконструкција на селски водоводи(С.Киселица,Присојанска маала ,Филиска маала с.Драмче,С.Стамер,с.Звегор,с.Селник,с.Полто,с.Стар Иствник,с.Нов Иствник,с.Бигла и др.)
-Изградба на канализација во с.Стамер
-ДоврШување на канализација ,,Звегорска река
-ДоврШување на канализација с.Звегор
-Регулација на коритото на р.Брегалница
-Санација на слапиШте
-Уредување на паркови и други зелени површини
-Изградба на Тиролски зафат во с.ТработивиШте
-Регулација на река Желевица

**До колку се одобрат средства за изградба на објекти по оваа Програма за кои се бара учество од ОпШтината, ОпШтината може да учествува со сопствено учество.**

Оваа Програма е изготвена како резултат на предвидувањата и можнос-тите за прилив на средства кои можат да се приберат по основ уредување на градежно земјиШте за 2011 год, од

одбрени сресства од Влада на Република Македонија (по огласи, конкурси и др) за 2011 година како и од домаШни и странски донатори .

ИзврШител на сите активности по оваа Програма Ќе биде Одделението за урбанизам, уредувањеи одржување на градежно земјиШте и заШтита на животната средина при ОпШтина Делчево

**Број 07-2583/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.12.2010 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 12 став 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РМ" бр. 124/10), член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 18.седница, одржана на ден 29.12.2010 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потреба за изработка**
**на Локална урбанистичка планскадокументација (ЛУПД)**
**за изградба на инфраструктурни објекти**
**во Општина Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба за изработка на Локална урбанистичка планска документација за инфраструктурни објекти и тоа:
- Канализација за с. Град со пречистителна станица
- Канализација за с. Вирче со пречистителна станица

Урбанистичката документација ќе биде изработена според Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2010 година, Правилникот за стандардите и нормативите за уредување на просторот и Правилникот за поблиска содршина и графичјка обработка на плановите и начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

Член 2

Одлуката за утврдување на потреба за изработка на ЛУПД се заверува со печат на Советот на Општината и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

Член 3

По донесувањето на оваа Одлука, Општина Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива.

Член 4

Локалната урбанистичка планска документација со сите нејзини делови се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2584/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.12.2010 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Тони Трајановски, с.р.**